РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08-532/8
29. 10 2026 год.
ВЕЛЕС

ПРОГРАМА

ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ СОУ „ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН“ – ВЕЛЕС ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

РЕЛАЦИЈА

ВЕЛЕС – СОФИЈА – КОЗЛОДУЈ – ОРИЈАХОВО – СОФИЈА – ВЕЛЕС

Велес, 2026/2027

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Согласно важечкиот Правилник, програмата ги содржи следните основни елементи:

1. Вид на училишната екскурзија
2. Воспитно-образовни и стручни цели
3. Задачи
4. Содржини и активности
5. Раководител на екскурзијата, наставници и ученици
6. Времетраење
7. Локации за посета и разгледување
8. Релација на патување
9. Техничка организација
10. Начин на финансирање

Кодексот на однесување на учениците за време на екскурзијата и Изјавата на ученикот и родителот/старателот се подготвуваат како посебни прилози кон документацијата за екскурзијата.

Стручно-истражувачката екскурзија е планирана од Стручниот актив по природни науки (Записник бр. 1, деловоден број 03-512/1 од 01.09.2026 година) и е предвидена во Годишната програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2026/2027 година, заведена со деловоден број 01-477/5 од 26.08.2026 година.

Програмата е изработена согласно член 24-а од Законот за средното образование, Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта бр. 13-10833/1 од 04.08.2025 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот бр. 13-4247/1 од 13.03.2026 година, Годишната програма за работа на училиштето и одлуките на надлежните органи на училиштето.

Со одлука на Училишниот одбор од 01.10.2026 година е формиран Тим за подготовка на Програмата и Комисија за екскурзијата.

Учениците во училишната екскурзија се вклучуваат доброволно.

1. ВИД И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ И СТРУЧНИ ЦЕЛИ

Стручно-истражувачката екскурзија е поврзана со интегрирани цели од природните науки и други наставни области, со акцент на непосредно запознавање со научни, технолошки, природни, културни и историски содржини.

Вид: тридневна стручно-истражувачка училишна екскурзија за учениците од I, II, III и IV година.

Воспитно-образовните и стручните цели се:

1. усвојување, проширување и поврзување на знаењата од физика, математика, астрономија, хемија, биологија, географија, информатика, иновации и претприемништво и други сродни области;
2. непосредно запознавање со современи научни, технолошки и индустриски процеси;
3. развивање интерес за природните науки, истражувањето, технологијата, иновациите и професионалната ориентација;
4. запознавање со културните, историските и природните вредности на Република Бугарија;
5. развивање критичко мислење, одговорност, соработка, толеранција и култура на однесување.
6. Запознавање со културата, историјата и други знаменитости на Козлодуј, Оријахово, Софија и нивната непосредна околина;
7. Формирање позитивен однос кон националните, културно-историските и естетски вредности на другите места во Република Бугарија;
8. Подобрување и воспоставување на меѓусебните релации, развивање и негување на другарството низ заеднички прошетки, солидарност, рекреација и забава;
9. Формирање и потикнување демократски ставови спрема материјалните и духовните добра;
10. Развивање и потикнување на колективната свест за заштита на материјалната, општествената и животна средина);
11. Да се прошират веќе стекнатите знаења за природните појави кои се изучуваат по сите наставни предмети од природни науки.

2. ЗАДАЧИ

1. учениците да стекнат практични сознанија преку непосредни посети на научни, технолошки, индустриски и образовни институции;
2. да ги поврзат теоретските знаења со реални научни и технолошки процеси;
3. да се поттикнат интересот за научно-истражувачка работа и професионалната ориентација;
4. да развиваат одговорно однесување, соработка и почитување на правилата за безбедност;
5. да ги прошират сознанијата за природните, културните и историските вредности на местата што се посетуваат.

3. СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

- Посета на Националниот политехнички музеј во Софија.
- Посета на Националниот природонаучен музеј во Софија.
- Едукативна посета на АЕЦ „Козлодуј", во обем и содржини одобрени од домаќинот и согласно неговите безбедносни правила.
- Кратка културно-историска посета на Оријахово.
- Посета на TechnoMagicLand или друга претходно потврдена научно-технолошка институција во Софија.
- Посета на Coca-Cola HBC Бугарија и/или PHENOMENA, доколку посетата е претходно писмено потврдена.
- Рекреативни и социјализациски активности соодветни на возраста и интересите на учениците.

Активностите се реализираат без непотребно преоптоварување на агендата, со доволно време за безбедно патување, одмор, сместување и организирано движење на групата.

Посетата на АЕЦ „Козлодуј" се реализира само по претходна писмена потврда од домаќинот и со целосно почитување на безбедносниот режим на објектот.

4. РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ

За раководител на екскурзијата е именувана Драгана Тевчева, наставник по физика.

Раководителот на екскурзијата и наставниците-придружници се определуваат согласно Правилникот и актите на училиштето. Конечниот број наставници-придружници се утврдува според бројот на ученици кои ќе учествуваат.

Во екскурзијата може да учествуваат ученици од следните паралелки:

1. I година: I-1, I-2, I-3, I-4, I-5
2. II година: II-1, II-2, II-3, II-4, II-5
3. III година: III-1, III-2, III-3, III-4
4. IV година: IV-1, IV-2, IV-3, IV-4, IV-5

5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, ЛОКАЦИИ И РЕЛАЦИЈА

Стручно-истражувачката екскурзија ќе трае три дена со две ноќевања и е планирана за периодот март–април 2027 година.

Точниот датум ќе се утврди дополнително согласно организациските услови, потврдените посети, одобрената програма и избраниот понудувач.

Релација: Велес – Софија – Козлодуј – Оријахово – Софија – Велес.

Прв ден:

Велес – Софија, со попатни кратки паузи, пристигање во Софија во пладневните часови, посета на Националниот политехнички музеј во Софија, ручек по слободен избор, посета на Националниот природонаучен музеј, попладневна прошетка .Сместување во хотел кој ќе ги задоволува барањата и критериумите претходно поставени од учениците, организирана вечера, ноќевање;

Втор ден:

Софија – организиран појадок, заминување кон Козлодуј, посета на АЕЦ „Козлодуј“ (сите дозволиви лаборатории и истражувачки центри со вклучени експертски предавања во области од нуклеарната и атомската физика), кратка прошетка низ Оријахово со панорамски разглед на историските знаменитости, поаѓање кон Софија. Ручек по слободен избор, посета на TechnoMagicLand – интерактивен научен и технолошки центар, кратка прошетка и поаѓање кон хотелот. Организирана вечера, ноќевање,

Трет ден:

Софија – организиран појадок, посета на Coca – Cola HBC Бугарија, посета на PHENOMENA – интерактивен музеј на науката и уметноста, заминување за Велес во попладневните часови.

6. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Постапката за избор на организатор/понудувач се спроведува согласно важечкиот Правилник за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта. Постапката ја спроведува Комисијата за прибирање и оценување на понуди, формирана согласно Правилникот и одлуката на Училишниот одбор.

Условите за понудувачот, превозот, сместувањето, исхраната, осигурувањето, услугите, критериумите за избор и другите технички барања се утврдуваат во огласот/поканата и документацијата за прибирање понуди, врз основа на оваа одобрена програма и важечките прописи.

- Екскурзијата треба да биде изведена со висококвалитетен автобус (со клима уред и телевизор) обезбеден од страна на агенцијата која ќе ја изведува екскурзијата,
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а при посетата на локалитети да има организирано локални водичи,
- Агенцијата треба да има обезбедено соодветна здравствена заштита со присуство на доктор и потребна медицинска опрема за прва помош прилагодена за патнички и теренски услови,
- Агенцијата треба да обезбеди соодветни услови за сместување: хотел со (најмалку) 3 ѕвезди, мени на исхрана (со организирана вечера и доручек во хотелот во кој ќе се престојува),
- Агенцијата треба да обезбеди патничко и здравствено осигурување на учениците,
- Агенцијата треба да обезбеди влезници за посета на знаменитости и организирање на забавна вечер.

7. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

- екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, со можност за плаќање на најмалку три рати, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
- цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цени во текот на реализација на договорот;
- во цената да влегува патничкото и здравствено осигорување на учениците, како и сите влезници.

ТИМ за подготовка на Програмата за стручно истражувачка екскурзија за учениците од 1-4 година во учебната 2026/2027 година			
Бр.	**Име и презиме**	**Работна позиција**	**Своерачен потпис**
1.	Илија Попов	Директор	
2.	Анита Смилевска	Психолог	
3.	Марија Стојановска	Педагог	
4.	Ленче Перчинковска	Специјален едукатор и рехабилитатор	
5.	Драгана Тевчева	Класен раководител и раководител на екскурзијата	
6.	Петранка Стојановска	Класен раководител	
7.	Тања Чипевска	Класен раководител	
8.	Снежана Арсеновска	Класен раководител	
9.	Марјан Стојановски	Класен раководител	
10.	Билјана Миланова	Класен раководител	

ЗАБЕЛЕШКА: Програмата може да претрпи промени во зависност од потребите и состојбите во училиштето и општата здравствена- безбедносна состојба

Раководител на екскурзијата:

Драгана Тевчева

Директор

Илија Попов